# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

## Најнови макроекономски показатели
## Преглед на тековната состојба

јули 2013 година

## Најнови макроекономски показатели
## Преглед на тековната состојба - влијанија врз монетарната политика

***Прегледот на тековната состојба има за цел да даде осврт на најновите макроекономски податоци (мај - јуни 2013 година) и споредба со последните макроекономски проекции (април 2013 година). Со тоа ќе се утврди колку тековната состојба во економијата соодветствува со очекуваните движења на варијаблите во претходниот циклус на проекции. Прегледот е фокусиран на промените на екстерните претпоставки и остварувањата кај домашните варијабли и на тоа како овие промени се одразуваат врз амбиентот за водење на монетарната политика.***

**Во периодот од последните оцени досега не настанаа позначителни промени во оценките за глобалните економски изгледи**. Економските изгледи за евро-зоната и понатаму се слаби, без сигнали за подобрување на условите на пазарот на труд. Показателите на доверба упатуваат на мало подобрување во последниот период, но сепак ова се оценува како закрепнување од многу ниска основа. Оцените за анемична економска активност и исклучително слаби кредитни текови се согледуваат и преку последната изјава на ЕЦБ, поврзана со одлуката за основната каматна стапка. Имено, и покрај тоа што монетарните услови беа непроменети, за првпат ЕЦБ укажа дека е подготвена за задржување на каматната стапка на ниско ниво во еден подолг временски период. На ваков начин се обезбедува монетарна поддршка за економскиот раст, во услови кога инфлациските очекувања се стабилни на долг рок. Оцените за патеката на движење на економијата на евро-зоната и понатаму се непроменети, односно се очекува пад на активноста во 2013 година и влегување во зоната на позитивни промени во 2014 година. ЕЦБ повторно оценува дека ризиците околу растот на економијата се надолни и дека произлегуваат од евентуалната послаба домашна и надворешна побарувачка и бавното спроведување на предвидените реформи. **Ваквите состојби во евро-зоната имаа ефект и врз оцените за странската ефективна побарувачка за македонски производи, којашто повторно е незначително ревидирана во надолна насока. Промените во очекувањата за цените на примарните производи се во различна насока, а дел од нив се надоврзуваат на ревизиите направени во претходните оцени.** Така, оцените за движењето на цените на металите повторно се надолно ревидирани, упатувајќи на послаба конјунктура и *понеповолни услови за размена во овој дел од извозниот сектор.* Повторни мали ревизии се направени кај оцените за светските цени на храната, додека цените на нафтата се ревидирани во надолна насока (иако со нешто помал интензитет во однос на јунските оцени), *што пак има позитивен ефект врз условите на размена и укажува на помали инфлациски притисоци преку увозните цени на енергијата во однос на цените предвидени во априлските проекции*.

**Анализата на последните макроекономски показатели покажува дека, во основа, поголемиот дел од нив се движат во согласност со априлските проекции. Од аспект на одделните показатели што се од значење за монетарната политика,** инфлацијата во текот јуни повторно забележа месечен раст, што во најголема мера произлезе од сезонската промена на цените на овошјето. Во вакви услови, годишната инфлација во јуни забрза, достигнувајќи 4,2%, при што остварената просечна годишна инфлација во периодот април - јуни од 3,6% е целосно во согласност со проекцијата. Сепак, анализата на структурата покажува отстапувања кај одделните компоненти. Прехранбената инфлација е повисока од очекувањата веќе трет месец по ред, укажувајќи дека сè уште има ризици за инфлацијата преку овој канал. Од друга страна растот на цените во енергетската компонента е помал, во услови на поголем пад на светските цени на нафтата и неисполнување на претпоставката за раст на цената на струјата. Остварената базична инфлација е пониска од проектираната. Сепак, базичната инфлација и понатаму е на релативно високо ниво, што при отсуство на притисоци од страната на побарувачката, упатува на одредени пренесени ефекти од растот на цените на храната и енергијата. Во однос на новите ризици околу проектираната инфлација увидени со последните оцени, новите информации се однесуваат на одлуката за намалување на цената на

струјата, а воедно одредени нови нагорни ризици се појавуваат и на страната на домашната понуда на земјоделски производи. Во секој случај, **идентичните појдовни услови, при промени кај оцените за увозните цени во спротивни правци, доведуваат до засега непроменети оцени за инфлацијата за 2013 година. Со тоа, ризиците околу априлската проекција за инфлацијата се оценуваат како врамнотежени.**

**Во текот на вториот квартал, девизните резерви (приспособени за ценовните и курсните разлики) забележаа пад, во согласност со очекувањата.** Најновите податоци за извозот и увозот за мај, исто како и априлските податоци, упатуваат на малку потесен трговски дефицит од очекувањата, додека последните податоци за нето-приливите од менувачкото работење покажуваат можност за доближување на приливите од приватните трансфери до проектираните. Во однос на реалниот сектор, нема голем број расположливи **високофреквентни показатели за второто тримесечје.** Од податоците објавени досега може да се оцени дека економијата би била во зоната на позитивни годишни промени и во текот на вториот квартал. **Во рамки на монетарниот сектор,** најновите првични податоци за третата декада на јуни укажуваат на остварување на предвидената патека на кредитната активност. Сепак, и покрај поволните остварувања, сè уште има надолни ризици околу проекцијата. Надолни ризици има и кај динамиката на растот на депозитната база на банките, којашто, како и минатиот месец, е послаба во однос на очекувањата. Одлуката за намалување на основната каматна стапка од страна на ЕЦБ предизвика мала надолна корекција **на ЕУРИБОР - каматната стапка во наредниот период.** Со тоа, во наредниот период се очекува минимално проширување на каматниот распон помеѓу домашната и странската каматна стапка.

***Општо земено, последните макроекономски движења не покажуваат големи промени во амбиентот и ризиците, во однос на минатомесечните оцени. И понатаму, еден дел од показателите одат во прилог на понатамошно монетарно олабавување.*** Прво, вкупната инфлација и понатаму е во рамки на очекувањата и се оценува дека во 2013 година ќе се задржи во прифатливи рамки, при врамнотежени ризици. Второ, при мал број расположливи показатели, засега се оценува дека економската активност ќе биде солидна, но и понатаму не се очекува големо закрепнување. Трето, новите податоци за кредитите се во согласност со очекувањата, но ризиците се надолни, особено имајќи предвид дека растот на депозитите повторно е послаб од очекуваниот. Четврто, податоците за девизните резерви за крајот на јуни ги потврдија претходните оцени за малку пониско ниво од нивото очекувано за вториот квартал. Но, отстапувањата се минимални, а девизните резерви и понатаму се на адекватното ниво. Воедно, во текот на јули беа направени промени во задолжителната резерва, коишто може да го стимулираат приливот на капитал од надвор и да придонесат за раст на девизните резерви и за кредитна поддршка. Петто, податоците за денарското и девизното штедење покажуваат одржување на склоноста за штедење во денари, а последните мерки преземени за зголемување на задолжителната резерва во девизи може дополнително да придонесат во оваа насока. **Сè уште постојат фактори коишто упатуваат на потребата од поголема претпазливост при водењето на монетарната политика.** И понатаму постои ризикот поврзан со глобалното окружување. Повторното надолно ревидирање на оцените за странската побарувачка и на цените на металите на светскиот пазар претставуваат потенцијален ризик за надворешната позиција на македонската економија. Воедно, и покрај врамнотежените инфлациски ризици кај вкупната инфлација, *базичната инфлација и понатаму е на релативно високо ниво,* укажувајќи на поголеми пренесени ефекти од растот на цените на храната и енергијата врз останатите цени во економијата.

**Странска ефективна побарувачка**
(годишни стапки на промена во %)




Извор: „Консензус форкаст" и пресметки на НБРМ.

**Оценката за странската ефективна побарувачка во 2013 година, како и во текот на јунските оцени е ревидирана во надолна насока, во споредба со априлската проекција...**

...при што проектираниот пад е 0,9% наместо 0,6%...

...како резултат на пониските економски остварувања во првиот квартал на 2013 година кај сите наши најзначајни трговски партнери, со исклучок на Србија, којашто е единствената земја со остварен повисок раст од предвидениот...

...па кон надолната ревизија најмногу придонесуваат Германија, Италија и Грција.

**Според најновите проекции, очекувањата за странската ефективна побарувачка за 2014 година се непроменети, односно како и во претходната проекција растот е проценет на 1%.**

**Странска ефективна инфлација**
(годишни стапки на промена во %)




Извор: „Консензус форкаст" и пресметки на НБРМ.

**Странската ефективна инфлација за 2013 година е позначително ревидирана надолу, во споредба со проекцијата од април...**

...предвиден е раст на странските цени од 3%, наместо 3,6% во претходната проекција...

...како резултат на предвидувањето за дефлација наместо инфлација во Грција и пониската очекувана инфлација кај Србија коригирана за девизниот курс.

**Одредена надолна ревизија е извршена и кај проекцијата за 2014 година, од 2,7% во претходната проекција на 2,4%.**




Извор: ММФ, „Блумберг" и пресметки на НБРМ.

**Оценката за цената на нафтата од типот „брент" во вториот квартал на 2013 година е умерено пониска од онаа предвидена во априлската проекција (78,8 наспроти 83,8 евра за барел) ...**

...при што новите проекции упатуваат на подлабоки стапки на пад на цената на нафтата и во третиот и четвртиот квартал од годината...

...имајќи ја предвид доволната снабденост со нафта во светски рамки, задоволителните нивоа на нафтените залихи и бавното закрепнување на глобалната економија.

**Оттука, на годишна основа, во 2013 година се очекува посилен пад на цената на нафтата во споредба со проекцијата од април.**

**Од друга страна, се очекува дека во 2014 година цената на нафтата ќе се намали со речиси ист интензитет како во априлската проекција.**




Извор: ММФ, „Блумберг" и пресметки на НБРМ.

**Новата проценка вклучува позначителен пад на цените на бакарот и никелот во вториот квартал од 2013 година, во споредба со претходната проекција...**

...а надолна ревизија на цените на овие метали е извршена и за втората половина од годината...

...што во случајот на бакарот е поврзано со загриженоста околу слабеењето на кинеската економија и потенцијалното намалување на инвестициите во недвижности, додека пак во случајот на никелот дополнителен фактор претставува и започнувањето со работа на нови рударски капацитети.

**Во 2014 година исто така е извршена надолна ревизија на проекциите, при што сега се очекува умерен пад на цените на никелот и бакарот, наместо оцenките за раст во претходната проекција.**

**Цени на пченица и пченка во евра**
(годишни промени)




Извор: ММФ, „Блумберг“ и пресметки на НБРМ.

**Оценките за вториот квартал не упатуваат на значителни отстапувања кај растот на цената на пченката, додека кај пченицата е остварен умерено повисок раст во споредба со априлската проекција.**

...што најмногу се должи на загриженоста за влијанието на задоцнетата пролетна сеидба, предизвикана од влажните временски услови во САД, врз глобалната понуда, како и намаленото производство во Русија, Украина и ЕУ-27, што е последица на сушата, но и зголемената влажност, коишто ги зафатија клучните региони.

Со оглед на тоа што во втората половина од годината не се направени поголеми ревизии на ценовните промени и имајќи ги предвид задржаните очекувања за рекордни овогодишни приноси на глобално ниво...

**...на ниво на целата 2013 година не постојат значителни разлики во очекуваните стапки на пад на цените на житните култури помеѓу тековната и априлската проекција.**

**Од друга страна, во 2014 година е извршена умерена нагорна ревизија на стапката на раст на цената на пченицата и на стапката на пад на цената на пченката.**




Извор: „Консензус форкаст“ и пресметки на НБРМ.

**Стапката на едномесечниот Еурибор во вториот квартал е на ниво на априлската проекција...**

...додека во остатокот од 2013 година таа е надолно ревидирана...

...што следеше по намалувањето на основната каматна стапка од страна на ЕЦБ.

**Оцената за нивото на странската каматна стапка е надолно ревидирана и за 2014 година, при очекувања за нејзин поумерен раст од претходно проектираниот.**

**Инфлација и цени на храната и енергијата**
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

**По мајското намалување, потрошувачките цени во јуни забележаа месечен раст од 0,3%...**

**...што најмногу се должи на повисоките цени на храната[1] и на нафтените деривати.**

Месечно зголемување забележаа и цените на сообраќајните и ПТТ-услугите.

Од друга страна, забавувањето на месечната инфлација главно произлезе од падот на цените на услугите за сместување, како и од намалувањето на цените на средствата за хигиена.

**Годишната стапка на инфлација забрза од 3,4% во мај на 4,2% во јуни, при што како и во претходните два месеца, таа е во согласност со очекувањата од априлскиот циклус проекции...**

...но, при поголемо нагорно отстапување на остварената годишна стапка на прехранбена инфлација од проектираната...

...како и при позначително надолно отстапување кај енергетската компонента.

Отстапувањата се должат на остварувањето на очекувањата за раст на цените на свежата храна[2], со поголем интензитет од очекуваниот...

...како и на неостварувањето на претпоставката за раст на цената на електричната енергија од 10% во јуни, односно цената на струјата всушност беше намалена[3].

**Придонеси кон годишната стапка инфлацијата** (во п.п.)




Извор: ДЗС и НБРМ.

---

[1] Нагорното ценовно поместување на прехранбената компонента во најголем дел се поврзува со растот на цената на свежото овошје.

[2] Ваквите очекувања главно се поврзуваа со настанатите штети од поплавите врз раноградинарското производство во струмичкиот регион, како и за појавата на афлатоксин, што повлекуваше потреба за уништување на дел од залихите на пченка, пченкарно брашно и млеко во некои од земјите од регионот.

[3] Регулаторната комисија за енергетика донесе одлука за намалување на цената на електричната енергија од 4,48% за тарифните потрошувачи, којашто стапи на сила од 1 јули.

Базичната стапка на инфлација и натаму е на релативно стабилно, но сѐ уште високо ниво...

...и нејзината годишна динамика во најголем дел се поврзува со повисоките цени на облеката и обувките, на средствата за хигиена и здравје, како и на цените на храната и пијалаците во хотелите и ресторантите....

...но, сепак, е под онаа што е предвидена со априлската проекција.

**Надворешните влезни претпоставки во проекцијата на инфлацијата се ревидирани во различна насока...**

...цените на меѓународно тргуваните примарни прехранбени производи упатуваат на помал пад на агрегатната цена на житните култури во 2013 година, наспроти сигналите за подлабок пад добиени во текот на априлскиот циклус проекции.

Имено, по растот во мај, цената на пченката на светските берзи забележа дополнителна нагорна корекција...

...главно како одраз на загриженоста од задоцнетата сеидба во САД заради влажното и студено време и можниот негативен ефект врз идните приноси.

Истовремено, цената на пченицата во јуни забележа месечен пад...

...што во најголем дел ги одразува очекувањата за добра жетва во неколку земји што се големи увозници...

...но и очекувањата за рекордно глобално производство на пченица во 2013 година.

Од друга страна, проекциите за светската цена на нафтата и странската ефективна инфлација за 2013 година се коригирани во надолна насока.

**Странски ефективни* и домашни цени на храна**




* Ефективните странски цени на храна се добиени како пондериран збир од цените на храната во земјите што се најзначајни трговски партнери на РМ.
Извор: ДЗС, Евростат и пресметки на НБРМ.

**Ризиците околу априлската проекција на инфлацијата од 2,8% за тековната година се оценуваат како релативно врамнотежени...**

...пред сѐ заради сличната појдовна основа и корекциите во спротивна насока на оцените за увозните цени.

**Во периодот меѓу двете проекции се утврдени и нови нагорни и надолни ризици.**

Нагорните ризици, како и минатиот месец, се поврзуваат со најавеното зголемување на акцизата на пивото, алкохолните пијалаци и тутунот[4]...

...што доаѓа како одговор на постепеното зголемување на акцизата на одделни акцизни производи во земјите во опкружувањето, како и потребата за постепено усогласување со нивото на акцизите во земјите во ЕУ[5].

Како нов, потенцијално нагорен ризик ги посочуваме и штетите на земјоделските посеви од летното невреме[6] од крајот на јуни, коешто погоди повеќе региони во земјата.

Од друга страна, ризиците што и натаму се надолни се поврзуваат со очекуваното зголемување на домашното производство на житни култури, меѓу другото и заради преовладувањето на поволните временски услови за овие култури.

**Стапка на инфлација**

(годишни придонеси во вкупната инфлација, во п.п.)




Извор: ДЗС и НБРМ.

[4] Со најавените измени на Законот за акцизи, се очекува дека од 1 јули акцизата за пивото ќе се зголеми од 3 на 4 денари по литар за степен на алкохол, а акцизата за чистиот алкохол ќе се зголеми од 300 на 340 денари за литар. Во однос на акцизата за цигарите, пурите и цигарилосите, се предвидува нејзино постепено зголемување во наредните 10 години. Стапките на специфичната и минималната акциза на цигарите се зголемуваат за 0,15 денари по парче, секоја година сѐ до 2015 година, а за 0,20 денари по парче секоја година сѐ до крајот на 2023 година.

[5] Согласно со образложението на Министерството за финансии на Република Македонија како предлагач на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

[6] Исто така, по пролетните поплави, и летниот град од крајот на јуни им нанесе штети на земјоделските посеви во повеќе региони во земјата, поточно на градинарски и индустриски култури од битолскиот, струмичкиот, прилепскиот и скопскиот регион.

**Просечна исплатена плата**
(годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС.

**Бруто домашен производ**
(реални годишни стапки, во %)




Извор: ДЗС и проекции на НБРМ.

**Номиналниот годишен раст на просечната нето-плата во април 2013 година бележи мало забрзување и изнесува 1,2% (1,0% во март)...**

...и во најголем дел се должи на растот на платите во секторот „информации и комуникации", каде што платите се вратија во зоната на позитивни стапки на раст. Исто така, забрзување на растот на платите се забележува во секторот „стручни, научни и технички дејности", рударството и во градежништвото.

**Ваквите движења се во иста насока со очекувањата од априлската проекција за раст на платите во вториот квартал на 2013 година (2,1%).**

**Растот од 2,9% на БДП остварен во првиот квартал на 2013 година претставува малку посилен раст од очекуваниот според априлската проекција (2,2%)**...

...при што нагорното отстапување се должи пред сè на повисокиот раст од оној што беше очекуван кај инвестициската побарувачка...

... и кај личната потрошувачка, којашто оствари помала стапка на пад од очекуваната...

...како и од попозитивниот придонес на нето извозната побарувачка од проектираниот, во услови на поголемо надолно отстапување на увозот во однос на отстапувањата на извозната страна.

**Расположливите податоци за вториот квартал на 2013 година упатуваат на продолжување на солидниот раст од првиот квартал, што е во согласност со проекциите од април...**

**...при позитивни поместувања кај дел од клучните економски сектори.**



* Прост просек од годишните стапки на промена на различните видови на транспорт и телекомуникациите.
Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Годишниот раст на индустријата продолжи и во првите два месеца на вториот квартал[7], но со позабавен раст во однос на растот остварен во првиот квартал. Притоа, и покрај збирниот раст во овие два месеца, сепак во мај индустриското производство влезе во зоната на негативни годишни промени...

...заради натамошните слаби остварувања кај металната индустрија, надополнето со падот кај прехранбената индустрија и производството на облека.

Збирниот раст на индустријата во периодот април-мај произлегува од зголеменото производство на електрична енергија и облека и придонесе за натамошен раст на искористеноста на индустриските капацитети[8]...

...а слично позитивно поместување бележи и трговијата, остварувајќи мал годишен реален раст во април во услови на раст кај трговијата на големо и трговијата со моторни возила...

...додека градежништвото продолжи да бележи висока реална годишна стапка на раст и во април (околу 50%), заради зголемените градежни активности (со динамика поголема од вообичаената сезонска динамика), а делумно и заради ниската споредбена основа.

Наспроти тоа, остварувањата кај транспортот главно упатуваат на позасилен годишен пад во април 2013 година.

**Расположливите показатели за агрегатната побарувачка исто така упатуваат на раст, но малку забавено во споредба со претходниот квартал.**

Високофреквентните податоци за

[7] Се однесува на податоците на индустриско производство со база и пондери од 2010 година и годишниот раст во првите два месеца на вториот квартал на 2013 година изнесува 3,4%, во просек. Истовремено и податоците за обемот на индустриско производство со база 2012 година, како показател со вклучени најнови промени во структурата на индустриското производство, покажуваат годишен раст во првите два месеца на вториот квартал на 2013 година (во просек 0,6%).
[8] Од Анкетата за деловните тенденции во преработувачката индустрија на ДЗС.




**личната потрошувачка** упатуваат на малку поповолни движења во споредба со претходното тримесечје...

...при забрзан раст на пензиите и минимално забавување на падот на реалните нето-плати...

...со натамошна поддршка од страна на банките за кредитирање на населението со потрошувачки кредити, коешто бележи раст со речиси иста динамика како во претходното тримесечје...

...што услови раст кај увозот, наспроти падот во претходниот квартал, како и натамошен годишен раст на домашното производство, но забавен...

...при што раст бележат и нето-приходите од ДДВ, наспроти падот во претходниот квартал...

...а позитивен ефект се очекува и од приватните трансфери, и покрај остварениот годишен пад, што се должи на високата споредбена основа заради фактори коишто во најголема мера не се поврзани со потрошувачката[9].




Од друга страна, податоците за трговија на мало не соодветствуваат со ваквите движења, имајќи предвид дека таа повторно забележа пад, по само еден квартал на позитивна годишна промена.

Најновите расположливи показатели за **инвестициската активност** во второто тримесечје повторно упатуваат на силен раст, како што се очекуваше во априлската проекција...

...но најверојатно со послаб интензитет во однос на претходното тримесечје...

...при повторно силен раст кај градежништвото во мај, но послаб во однос на претходниот квартал...

...а силната градежна активност се

[9] Високата споредбена основа во вториот квартал на 2012 година се должи на продолжувањето на трендот на конверзија од евра во денари предизвикано од европската должничка криза.

согледува и преку поповолните очекувања на раководителите од аспект на порачките и бројот на вработените[10], при раст на вредноста на одобренијата за градба издадени во април...

...што услови засилен раст на увозот на капитални производи...

...при раст на државните капитални инвестиции и на странските директни инвестиции, наспроти нивниот пад во претходниот квартал.

Сепак, долгорочното кредитирање на домашниот корпоративен сектор и понатаму бележи засилено намалување...

...а пад на годишна основа бележи и домашното производство на капитални производи, наспроти растот во претходниот квартал...

Податоците од надворешнотрговската размена во периодот април - мај 2013 година упатуваат на стеснување на **трговското салдо,** што е во спротивност со очекувањата од априлската проекција...

...при засилен номинален раст на извозот на стоки...

...а мало забавување на падот на увозот, наспроти очекувањата за негов раст.

[10] Од Анкетата за деловните тенденции во градежништвото на ДЗС од мај 2013 година.

**Извоз по компоненти**
**(придонеси во годишната промена, во п.п.)**




Извор: НБРМ.
** Податоците го опфаќаат вкупниот извоз на еден значаен извозен капацитет во индустриската зона.*

**Во периодот април - мај,** умерениот годишен пад на увозот, при истовремено благ раст на извозот, услови **стеснување на трговскиот дефицит за 8,3% во однос на истиот период од претходната година**...

...наспроти очекувањата за благо проширување на дефицитот во вториот квартал од годината со априлските проекции.

Извозот на стоки забележа благ годишен раст од 2,5%. Најголем придонес за растот имаат остварувањата на капацитетите ориентирани кон извоз во слободната индустриска зона, храната и тутунот...

...при натамошен негативен придонес на енергијата (годишен пад од 61,6%).

Извозот остварен во периодот април - мај е над очекувањата, со позитивно отстапување кај сите компоненти, освен енергијата и облеката и текстилот, кај кои се забележани послаби остварувања во однос на очекуваните.

**Увоз по компоненти**
**(придонеси во годишната промена, во п.п.)**




Извор: НБРМ.
** Податоците го опфаќаат вкупниот увоз на еден значаен извозен капацитет во индустриската зона.*

Увозот на стоки забележа умерен годишен пад од 2,2%, главно поради намалениот суровински увоз на металопреработувачката индустрија и на новите извозни капацитети, како и намалениот увоз на енергија...

...раст на увозот е остварен кај инвестицискиот увоз (опрема и машини) и кај увозот на категориите поврзани со личната потрошувачка (стоки за широка потрошувачка, останат увоз и храна).

Увозот остварен во периодот април - мај е во согласност со проектираното ниво, при повисоки остварувања кај поголем дел од категориите, а особено кај суровинскиот увоз и опремата и машините, но и при натамошни послаби остварувања во однос на очекуваните кај увозот на енергија[11].

**Солидните извозни остварувања во првите два месеца од кварталот, упатуваат на позитивен ризик за остварување понизок трговски дефицит од очекуваниот во вториот квартал од годината, под услов да се задржат тековните движења.**




Извор: НБРМ.
** Учество на извозот/увозот во април и мај во проектираниот извоз/увоз за кв.2 проекција април 2013.*

Најновите информации за цените на светските берзи и натаму упатуваат на зголемени ризици за металопреработувачката индустрија, со оглед на тоа што тековните очекувања за цените на никелот и бакарот се пониски во однос на оние во априлската проекција. Тековните очекувања за цените на храната упатуваат на помал пад од претходно очекуваниот, додека кај суровата нафта се очекува поголемо намалување на цената.

**По неповолните движења во април, во мај е забележано подобрување на ценовната конкурентност на економијата на годишна основа.** Индексот на РЕДК заснован врз трошоците на живот бележи депрецијација од 0,9%, во споредба со истиот период од претходната година, додека индексот пресметан според цените на производителите на индустриски производи, за 1,5%.




Извор:НБРМ.

[11] Послабиот увоз на енергија во однос на проектираниот произлегува од увозот на сурова нафта.

**НЕДК и релативни цени,**
*годишни стапки на промена, во %*




Извор:НБРМ.

Од аспект на компонентите во пресметката на индексите на РЕДК, **индексот на НЕДК** бележи депрецијација на годишна основа (за 0,7%), што главно се должи на промената на денарот во однос на српскиот динар (за 2,2%). Слична е и промената кај **релативните цени**, пресметани според двата индекса (трошоците на живот и цените на индустриските производители), коишто покажуваат поповолен сооднос на домашните во однос на странските цени, на годишна основа.




Извор: НБРМ.

**Во април 2013 година, дефицитот во тековната сметка изнесува 57,4 милиони евра (или 0,7% од БДП), што претставува 45,3% остварување од износот проектиран за вториот квартал од 2013 година, согласно со априлската проекција...**

... при можност за помал трговски дефицит од проектираниот, додека за приватните трансфери се очекува дека ќе бидат во согласност со проекцијата.

Од друга страна во април, кај услугите се забележани мали нето-одливи, наспроти нето-приливите очекувани за целото тримесечје.




Извор: НБРМ.

**Имајќи предвид дека последните расположливи податоци за нето-приливите во капиталната и финансиска сметка се однесуваат на април 2013 година, што е релативно краток период, тешко е да се даде оцена за исполнувањето на проектираните капитални приливи за вториот квартал.**

Од аспект на одделните компоненти, краткорочното и долгорочното задолжување е во линија на проекцијата, при помали приливи од очекуваните кај директните инвестиции...

...како и повисоки нето-одливи од очекуваните кај трговските кредити.

**Движења на менувачки пазар**




Извор: НБРМ.

**Најновите податоци за менувачкото работење, заклучно со јуни, укажуваат на понатамошен пад на понудата на девизи, но со забавено темпо, додека побарувачката на девизи, втор квартал по ред, бележи силен раст на годишна основа...**

...при што остварениот нето-откуп на менувачкиот пазар и понатаму бележи пад...

Последните остварувања на менувачкиот пазар укажуваат на тоа дека приватните трансфери во билансот на плаќања се минимално пониски од очекувањата за вториот квартал.

**Бруто девизни резерви**
(состојба во милиони евра)




Извор: НБРМ.

**На крајот на второто тримесечје, бруто девизните резерви изнесуваа 2,039.3 милиони евра и оствараија пад, што е во согласност со очекувањата.**

Основни фактори за негативната промена се, во прв ред, интервенциите на девизниот пазар т.е. нето-продажбата на девизи, а потоа и трансакциите за сметка на државата.

**Фактори на промена на девизните резерви во второто тримесејче на 2013 година**
(во милиони евра)




Извор:НБРМ




Извор: НБРМ.

Во второто тримесечје од 2013 година, на **девизниот пазар** кај банките е остварена нето-продажба од 98,9 милиони евра, што претставува пад од 25%, на годишна основа. Годишното намалување на нето-продажбата на девизи произлегува од понатамошниот пад кај побарувачката на девизи (од 3,3%) и минималниот раст кај понудата на девизи (од 0,4%).

Анализата по одделни компоненти покажува дека намалената нето-продажба на девизи во целост се должи на пониската нето-продажба на фирмите, и покрај падот на нето-откупот од физички лица и менувачниците и повисоката нето-продажба на нерезидентите.

Последните остварувања во надворешниот сектор упатуваат на можни надолни ризици околу проекцијата на девизните резерви, но сепак се очекува дека тие ќе се задржат на адекватното ниво.




Извор: НБРМ.

**Првичните податоци заклучно со 30.6.2013 година покажуваат зголемено ниво на монетарните инструменти во вториот квартал на 2013 година, но со речиси двојно помал обем во споредба со априлската проекција...**

...при посилно намалување на нето девизната актива на НБРМ во однос на очекувањата...

...и помало креирање ликвидност преку вкупните депозити на државата, во споредба со априлската проекција...




Извор: НБРМ.

...при што состојбата на државните хартии од вредност на домашниот пазар, со последна расположлива состојба од 30.6.2013 година, изнесува 58.260 милиони денари, што во однос на март 2013 година претставува раст од 2.476 милиони денари.




*Позитивна промена - креирање ликвидност; негативна промена - повлекување ликвидност.
Извор: НБРМ.

На 30.6.2013 година примарните пари забележаа пад во однос на март, со поголем интензитет од намалувањето предвидено со априлската проекција...

...во услови на мал пад на готовите пари во оптек (наспроти очекувањата за поголем квартален пад) и истовремено намалување на вкупните ликвидни средства на банките, спротивно на очекувањата за нивно зголемување на квартална основа од априлската проекција.




* Вклучува депозитни пари
Извор: НБРМ.

Месечниот раст на вкупните депозити, што беше забележан во мај, продолжи и во текот на јуни. Карактеристично за овој период е тоа што во месечниот раст на вкупните депозити, покрај претпријатијата, поголем придонес имаат и останатите недепозитни финансиски институции[12] (еднаков придонес на двете категории од 28%), како и домаќинствата на кои се должи околу една третина од месечниот депозитен раст...

[12] Во останатите финансиски институции (недепозитни) спаѓаат друштвата за осигурување, инвестициските и пензиските фондови, како и друштвата коишто управуваат со инвестициските и пензиските фондови.

**...со што годишната стапка на раст на вкупните депозити на 30.6.2013 година изнесува 3,4% и е под проекцијата за вториот квартал (6,4%).** На квартална основа, заклучно со 30.6.2013 година, вкупните депозити бележат пад, наспроти растот планиран за вториот квартал на 2013 година (од 5.306 милиони денари). Падот на депозитите во овој период, главно, е резултат на исплатата на дивиденда кон една странска компанија и кон државата, што предизвика висок еднократен одлив од сметките на претпријатијата. Притоа, останатите текови што влијаат врз депозитите не беа доволно силни за да ги неутрализираат одливите и да овозможат раст на депозитната база, како што се очекуваше со последните проекции.

**Придонес на денарските и девизните депозити во порастот на вкупните депозити (во %)**
* Ги вклучува депозитните пари.




Извор: НБРМ.

**Остварениот годишен депозитен раст во целост произлегува од денарските депозити,** при годишен пад на девизните депозити.

**Учество на денарските и девизните депозити во вкупните депозити (во %)**




Извор: НБРМ.
* Ги вклучува депозитните пари.

Денарските депозити и понатаму се најзастапени во вкупните депозити.

**Учество на денарскиот дел на М4 во вкупната парична маса М4 (во %)**




Девизните депозити на населението се зголемуваат и во текот на јуни, но со забавен интензитет во однос на претходниот месец. Сепак, имајќи го предвид посилниот месечен раст на денарските депозити во однос на девизните депозити, во текот на јуни е забележано понатамошно зголемување на учеството на депозитите во домашна валута во вкупните депозити на домаќинствата.

**Учество на денарските депозити во вкупните депозити на населението, во %**

*Вклучува депозитни пари.



**Каматни стапки на денарските и девизните депозити, во %**




Извор: НБРМ.

Во последните три месеци, каматните стапки на денарските и девизните депозити се непроменети. Сепак, и понатаму приносите од денарското штедење се попривлечни за штедачите.

**Најширока парична маса, М4**




Извор: НБРМ.

**Помал монетарен раст во однос на проектираниот...**

...во услови на послаб годишен раст на вкупните депозити во вториот квартал, во однос на проекцијата.

**Вкупни кредити**




Извор: НБРМ.

Вкупните кредити се зголемуваат и во текот на јуни, но со позабавено темпо во однос на претходниот месец, при што месечниот раст речиси во целост произлезе од кредитите на домаќинствата...

**...при што на 30.6.2013 година, годишната стапка на вкупните кредити изнесува 3,7% и е над нивото на проекцијата за вториот квартал од 3,6%**. На квартална основа, заклучно со 30.6.2013 година, остварениот пораст на вкупните кредити е повисок за околу 160 милиони денари од растот планиран за вториот квартал на 2013.

**Придонес на денарските и девизните кредити во вкупните кредити, во %**




Извор: НБРМ.

Остварениот годишен кредитен раст во целост произлегува од зголемувањето на денарските кредити, при послабо намалување на девизните кредити.

**Соодност помеѓу вкупните кредити и депозити, во %**




Извор: НБРМ.

